Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за Локалната самоуправа ( Службен весник на РМ бр.5/02 ) и член 34 од Законот за Буџети ( Службен весник на РМ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и Службен весник на РСМ бр.151/21) Советот на Општина Гази Баба на 34та седница одржана на 28.11.2023 година донесе:

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ГАЗИ БАБА**

**за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ГАЗИ БАБА за 2023 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 0 | 700.000 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | 150.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 0 | -850.000 | 0 | 0 |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 401320 | Персонален данок на доход од надоместоци | 0 | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 0 | 0 | -200.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Бр.
28.11.2023

Претседател на Советот на Општината
**Дијана Илиевска**

Образложение за
Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на
Општина Гази Баба за 2023 година

Се предлага пренамена на средства во Буџет на дотации каде што во програмата Н1 за основно образование од блок дотации подставка 424210 – одржување на згради да се намали за 850.000 денари, а истиот износ се зголемува на подставка 401130 – основни плати – други вработени 700.000 денари, и на потставка 402110 – основни придонеси за ПИО за 150.000 денари.

Овие средства во висина од 850.000 денари се пренаменуваат за исплати на платите во основните училишта кои произлегуваат од извршеното зголемување на платите и сега добиените согласности од Министерство за образование за именуваните директори да се исплати разлика во платите.

Воедно се предлага пренамена и на програмата В1 детски градинки од блок дотации потставка 404110 – надомест за годишен одмор да се намали за 200.000 денари и истиот износ да се пренамени на потставка 401320 – персонален данок на доход од надоместоци.

Овие средства во висина од 200.000 денари се пренаменуваат по добиено известување од Министерството за труд и социјална политика, каде бараат исплатата на регрес за годишен одмор да се исплати од две потставки, односно нето износот да биде одвоен од персоналниот данок.

**СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА**